РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 08-8421/2
26.07.2021 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ,, бр. 55/00, 44/0282/2008, 167/2010, 51/2011, 96/19, 110/19 и 154/19) и член 19 став (4) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОБАРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВЕН/ЛИЧЕН АСИСТЕНТ И НАЧИНОТ НА СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР НА ОБРАЗОВЕН/ЛИЧЕН АСИСТЕНТ

## Член 1

Во Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент Бр.08-2786/2 од 15.02.2021 година и Правилникот за изманување на правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент Бр.08-8421/1 од 03.06.2021 година во членот 13 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„За време на траење на Пандемијата прогласена од Светската Здравствена Организација во врска со заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, интервјуто од членот 13 став 2 од овој правилник, може да се спроведе со примена на средства за електронска комуникација кои обезбедуваат двонасочна комуникација при реализација на интервјуто без заедничко физичко присуство на учесниците на активноста, и тоа преку видео-конференциска платформа."

## Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

МИНИСТЕР,
Мила Царовска

Изработил:Б.Митковски
Одобрил:М.Масникоса
Согласен:М.Бичиклиска

Scanned with CamScanner